# СТАРЕЦ
# ПОРФИРИЈ

# ПОДВИЖНИК НА ЉУБОВТА
# ПРОЗОРЛИВ ЧУДОТВОРЕЦ

Наслов на оригиналот:
Старац Порфириј
Беседа, Нови Сад

Превод:
Жаклина Стојановска

Лектура:
Жаклина Атанасова

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

ISBN 978-608-221-022-3

# СТАРЕЦ
# ПОРФИРИЈ

# ПОДВИЖНИК НА ЉУБОВТА
# ПРОЗОРЛИВ ЧУДОТВОРЕЦ

ikona

Клитос Јоанидис

# Старец Порфирије
# Сведоштва и искуства

Кога светителите ќе се упокојат, должни сме да пишуваме и да говориме сè што знаеме за нив.

Мојата почетна намера беше преку радио – емисијата „Православието денес“, која ја емитува Првата програма на Кипарското радио, на верниците во Кипар да им ги предочам сведоштавата на духовните деца на големиот Старец, како и на луѓето што го познаваа.

Но, сфатив дека многуте сведоштва кои дојдоа до мене, нема да се вклопат во временските рамки на оваа радио – емисија. Така, со молитвите на старец Порфириј и со поддршка на неговите духовни деца од Кипар и од Грција, почнав да го собирам материјалот кој стигна до мене и да го подготвувам ова издание.

Неопходно е да се истакне дека оваа книга не се обидува да состави биографија за старец Порфириј – таа работа им припаѓа на други. Таа содржи само записи на некои посебни сведоштва и искуства што ни ги понудија некои браќа и сестри во Христа кои имаа голем благослов да го познаваат старец Порфириј.

Старец Порфириј беше вистински црковен Отец. Својата пастирска служба ја вршеше со топло срце и со мудро духовно расудување, што го красеше на единствен и неповторлив начин.

И јас имав благослов и радост да се уверам во неговиот дар за прозорливост. На пример, напипувајќи го мојот пулс, беше во состојба да го открие сериозниот стрес што го доживеав во Париз за време на своите студии, единаесет години пред разговорот со него.

На секоја средба со старец Порфириј, имав нова прилика да ѕирнам во внатрешноста на небото. Светите спомени, за него беа поврзани со небески појави, со предвкус на Рајот Христов.

Оваа книга содржи сведоштва и искуства на духовните

деца на Старецот од Кипар и од Грција, но и други луѓе кои го познаваа и имаа благослов да разговараат со него. Во секој случај, беа сведоци кои ги видоа делата и ги слушаа зборовите на блажениот Старец, доживувајќи ги зборовите на евангелистот Јован од Првото соборно послание: „Она што го чувме, она што со очите свои го видовме што го разгледавме и што рацете наши го опипаа...“ (1 Јн. 1, 1).

Со страв Божји ја предаваме оваа книга на јавноста, молејќи се да им подари храна Христова на жедните души за Бога. Нека е благословен Бог на нашите Отци.

*Клитос Јоанидис*

## КРАТКА БИОГРАФИЈА НА СТАРЕЦ ПОРФИРИЈ

Блажениот старец Порфириј е роден на 7. февруари 1906. година во селото Свети Јован Каристија во близина на Аливерија. Неговите родители биле сиромашни, но побожни земјоделци. Татко му се викал Леонид Бајрактарис, а мајка му Елена, ќерка на Антониј Ламброса.

На крштевањето го добил името Евангелос и бил второ од петте деца на своите родители. Во своето село на училиште одел само две години. Учителот бил често болен, па така децата малку научиле од него. Гледајќи ја сиромаштијата, малиот Евангелос го напуштил училиштето; работел на семејниот имот и ја чувал стоката што ја имале. Работел од својата осма година. За подобра заработка, уште од толку млад прифатил работа во рудникот за јаглен кој се наоѓал во близина, а потоа во бакалница во Халкиди и во Пиреја.

Татко му го научил на Молебниот канон на Пресвета Богородица и на сѐ што се однесува на нашата вера, и она што самиот го знаел. Како дете, Евангелос брзо се развивал. И самиот ни кажуваше дека почнал да се бричи од својата осма година. Од најрана возраст бил сериозен, трудољубив и ревносен, и изгледал постар од своите врсници.

### Монашки повик

Додека ги чувал овците, но и додека работел во бакалницата, буква по буква го читал житието на свети Јован Каливит; така почувствувал желба да го следи примерот на овој подвижник. Многу пати тргнал за Света Гора, но од разни причини се враќал дома. Конечно, кога имал дванаесет години, со одлуч-

на желба да стигне онаму каде што се намерил, тој повторно тргнал на пат. Господ ја благословил неговата намера и тој стигнал на Света Гора.

Господ, Кој сѐ промислува и управува со нашите животи, направи на бродот што пловеше од Солун до Света Гора, Евангелос да го сретне својот иден старец, јеромонахот и духовникот Пантелејмон. Тој уште на бродот го прими во своја духовна заштита, бидејќи влезот на Света Гора не им беше дозволен на малолетници, духовникот го претстави како свој внук и така го внесе.

Неговиот старец, отец Пантелејмон, го однесол до Кавсокаливија, до испосницата на Свети Георгиј, во која се подвизуваше со својот брат, отец Јоанакиј. Во таа испосница порано се подвизувал и познатиот монах преподобен хаџи – Георгиј.

Така отец Порфириј истовремено добил два духовници; спрема двата имал крајна, покорна и радосна послушност. Ревносно се предал на доброволниот подвиг, а се жалел само на тоа што неговите духовници не барале од него уште поголем подвиг. Не ни се доволно познати неговите духовни борби зашто не зборуваше за нив. Врз основа на штурите зборови на Старецот, упатени само на неколку негови духовни деца, можеме да заклучиме дека неговиот подвиг бил непрестан, напорен, радосен и тежок. На пример, одел бос по снегот и по каменестите патеки. Многу малку спиел, и тоа на под, покриен само со една покривка, и со отворен прозорец дури и кога паѓало снег. Гол од полвината нагоре, правел по многу метании за да не го совлада дремката. Се занимавал со дрводелство, сечел дрва, собирал полжави, оддалеку влечел земја на грбот за да направи градина околу испосницата Свети Георгиј. За сето тоа време, внимателно ги читал и тропарите од светите служби и ги учел на памет. Бидејќи додека се занимавал со ракоделие напамет ги повторувал светите Евангелија, во неговиот ум не можела да се всели ни една празна и лоша помисла. Според своите зборови со коишто го опишуваше својот тогашен живот, бил „вечно во движење“.

Основно и најважно обележје на неговиот подвиг не бил

само телесниот напор, туку и целосната послушност на старецот, апсолутна зависност од него, целосно губење на неговата волја во волјата на старецот; преданост кон старецот преполна со љубов, доверба и воодушевување, поистоветување со нив. Во тоа е тајната, во тоа е клучот; овде го откриваме она што е суштинско и што е значајно.

Така овој необразовано момче, со две години основно училиште, слушајќи ги со огнена љубов светите зборови кои зборуваа за нашиот сакан Христос, користејќи се со речникот, како што самиот велеше, на самото Свето Писмо и толкувајќи го непознатото со познато, успеал за кратко време да го научи она што ние во училиштата и на универзитетите, со помош на книги и учители, во комотност, но без жар, не успеваме да го научиме за цел живот. Не знаеме точно кога, но веројатно набрзо по доаѓањето на Света Гора, добил монашки постриг и монашко име Никита.

## Посета на божествената благодат

Не е чудо што божествената благодат видливо почивала на овој млад монах преполн со ревност, кој бил преисполнет со љубов Христова и кој никогаш не жалел труд и подвиг.

Беше зора, и централната црква во Кавсокаливија сè уште беше заклучена. Прикриен во еден ќош, монахот Никита чекал да заѕвонат камбаните и да се отвори црквата. По него во припратата дојде стариот монах Димас, поранешен руски офицер, кој имал околу деведесет години; тој бил голем подвижник и таен светител. Бидејќи не видел никого, старецот помислил дека е сам, па почнал да прави големи метании и да се моли пред затворените двери на наосот.

Божествената благодат се разлевала од преподобниот старец Димас и го облевала младиот Никита, кој тогаш бил спремен да ја прими. Не можат да се опишат чувствата што го обзеле. По светата Литургија и светото причестување, младиот монах Никита бил толку восхитен што одејќи кон својата испо-

сница, ги раширил рацете и гласно викнал: „Слава Тебе, Боже! Слава Тебе, Боже! Слава Тебе Боже!“

По посетата на божествената благодат, дошло до темелни промени на душевните и телесните својства на младиот монах Никита. Таа промена дошла од десницата на Севишниот. Бил облечен во сила од височините и се здобил со натприродни благодатни дарови.

Првиот знак за присуство на благодатните дарови се покажал кога од голема далечина ги „видел“ своите старци, кои се враќале од далеку. Ги „видел“ таму каде што биле иако не биле достапни за човечкото око. Тоа му го исповедал на отец Пантелејмон, кој го посоветувал да биде внимателен и на никој да не му кажува за ова. Никита се држел до овие совети се додека не добил друга заповед.

По овој дар следеле и други. Тој станал чувствителен до несфатлива мера, а човечката моќ се развила до крајност.

Можел да слуша и да распознава птичји и животински гласови, така што го препознавал и нивното потекло и нивната смисла. Можел и мирисите да ги почувствува од голема далечина. Распознавал и разликувал мириси а и нивниот состав. Од голема далечина ги препознавал мирисите на цвеќињата. По скрушена молитва, можел да „види“ во длабочините на земјата и во небескиот хаос; да „гледа“ низ вода и низ каменесто тло, да наоѓа извори на нафта, радио – енергија, закопани археолошки наоѓалишта, скриени гробници, пукнатини во длабочината на земјата, подземни извори, изгубени икони, да „гледа“ појави што се случувале векови пред тоа, да „слуша“ испратени молитви, да „гледа“ добри и лоши духови, самата човечка душа... да „гледа“ баш сè. Ја пробувал водата од длабочините на земјата и го мерел она што е недостапно. Ги прашувал карпите, и тие му раскажувале за духовните борби на подвижниците кои живееле пред него. Гледал, и со поглед исцелувал. Допирал, и со допир лекувал. Се молел, и молитвата делувала. Но, никогаш не помислувал тие Божји дарови да ги употреби за сопствена корист. Никогаш не се молел и самиот да се излечи од болеста. Никогаш не посакал да се здобие со некаква корист